**Известување за концентрација со која Филип Спасовски од Република Северна Македонија ќе стекне целосна контрола над Друштво за дистрибуција и производтсво на електрична енергија ЕУРОВИА СОЛАР ДООЕЛ Желино од Република Северна Македонија**

**(предмет бр. 08-49 од 2023 година)**

Согласно член 15 од Законот за заштита на конкуренцијата („Службен весник на Република Македонија“ бр.145/10, 136/11, 41/14, 53/16 и 83/18), на ден 09.03.2023 година, до Комисијата за заштита на конкуренцијата е доставено известување за концентрација кое се однесува на стекнување на целосна контрола од страна на Филип Спасовски со живеалиште на ул. Кнез Трпимир бр.2 Скопје, Република Северна Македонија над Друштво за дистрибуција и производство на електрична енергија ЕУРОВИА СОЛАР ДООЕЛ Желино, со седиште на ул.101 бр.15, Желино, Република Северна Македонија.

-**Филип Спасовски** е физичко лице кое на територијата на Република Северна Македонија и во Република Србија се јавува како сопственик на следните правни лица:

-**Друштво за графичка дејност, трговија и услуги ПОЛИЕСТЕРДЕЈ ДООЕЛ експорт импорт Скопје,** со седиште на адреса ул. 1552 бр. 10, Скопје и со приоритетна дејност - Друго печатење;

-**Трговско друштво за застапување, услуги и трговија на големо и мало АКЦЕНТ МЕДИА Национална рекламна агенција о.о. ДООЕЛ увоз-извоз Скопје** со седиште на ул.НИКОЛА ТРИМПАРЕ 39 ЛОК.1 Скопје и со приоритетна дејност-Огласување преку медиуми;

-**Друштво за графичка дејност, трговија и услуги ДАТА ПРИНТ експорт импорт ДОО Скопје,** со седиште на адреса ул. 1552 бр. 10, Скопје и со приоритетна дејност 18.12-Друго печатење;;

-**Друштво за трговија и услуги ПОЛИ СОЛАРИС ДООЕЛ Скопј**, со седиште на адреса ул. 1552 бр. 10, Скопје и со приоритетна дејност-Производство на електрична енергија

-**Њу Имиџ д.о.о Белград** со седиште на ул.Тошин Бунар бр.185 Нов белград, Република Србија и со приоритетна дејност -останато печатење.

-**ЕУРОВИА СОЛАР ДООЕЛ Желино** е друштво во кое се врши промена на сопственоста и претставува друштво за производство на електрична енергија со регистрирано седиште во Желино. ЕУРОВИА СОЛАР ДООЕЛ Желино е основано во 2021 година и е во сопственост на едно правно лице ЕУРОВИА ХОЛДИНГ ДОО Желино со удел од 100% и паричен влог од 307.000,00 денари. Друштвото ЕУРОВИА СОЛАР ДООЕЛ Желино не се јавува како сопственик на други правни лица на територијата Република Северна Македонија. Друштвото има намера својата претежна дејност да ја обавува на територијата на Република

Северна Македонија преку изградба на фотоволтаични електроцентарали кои се градат на земја согласно важечката законска регулатива.

Концентрацијата настанува на начин што лицето Филип Спасовски има намера да стане единствен сопственик во Друштвото за дистрибуција и производтсво на електрична енергија ЕУРОВИА СОЛАР ДООЕЛ Желино, и н атој начин да врши директна и целосна конторла врз работата на друштвото.

Оваа концентрација се однесува на следниот релевантен пазар: *Производство на електрична енергија*.

Врз основа на прелиминарното испитување Комисијата утврди дека предметната концентрација може да потпадне под одредбите на Законот за заштита на конкуренцијата. Сепак конечната одлука по ова прашање е резервирана.

Комисијата ги повикува заинтересираните трети страни да достават забелешки и мислења за оваа концентрација до Комисијата. Забелешките и мислењата на заинтересираните трети страни можат да се испратат на адреса: ул. „Св. Кирил и Методиј“ бр.54, Скопје или по e-mail: kzk@kzk.gov.mk и истите треба да пристигнат до Комисијата во рок од 10 дена од денот на објавување на ова известување.

15.03.2023 година

Скопје